imageFORMULA
DR-C225II

# ЕДНОСТАВНО СКЕНИРАЊЕ СО ИЗВОНРЕДНО ТЕНОК СКЕНЕР ЗА НА РАБОТНА МАСА




## Брзо и висококвалитетно скенирање

Скенирањето е поедноставно со извонредно компактниот и интелигентен скенер imageFORMULA DR-C225 II - идеален за мали канцеларии и опкружувања со пултови.

## Ја зголемува вашата продуктивност

За да ги намали доцнењата и да одржува високо ниво на продуктивност, DR-C225 II нуди лесно скенирање со „еден допир“. Со притиснување на копчето за вклучување на скенерот се активира софтверот CaptureOnTouch кој ќе се подготви за скенирање за неколку секунди. Canon ја унапредува иновацијата со концептот за интуитивно и природно снабдување со хартија на скенерот. Тоа им овозможува на корисниците да го снабдуваат скенерот со документи со лицето нагоре, во нивната нормална ориентација.

**DR-C225 II**

БРЗИНА ЗА ЦРНО-БЕЛО СКЕНИРАЊЕ И СКЕНИРАЊЕ ВО БОЈА 25 СТР./МИН. / 50 СЛИКИ/МИН.

ПРЕПОРАЧАН ДНЕВЕН ОБЕМ 1.000 - 2.500

АВТОМАТСКИ МЕХАНИЗАМ ЗА СНАБДУВАЊЕ СО ДОКУМЕНТИ ЗА 45 ЛИСТОВИ

БРЗО И ВИСОКОКВАЛИТЕТНО СКЕНИРАЊЕ

Canon

# ЕЛЕГАНТНИ, КОМПАКТНИ И ПОВЕЌЕНАМЕНСКИ СКЕНЕРИ

## Тенок профил, уникатен дизајн

DR-C225 II има иновативна и вертикална J-патека што заштедува простор и поставува нов стандард за извонредно компактни скенери за на работна маса.

Дизајнот со вертикална J-патека овозможува вертикално снабдување и исфрлување на документите, така што не е потребен дополнителен слободен простор на работната маса. Странично поставените кабли и приклучоци ви овозможуваат да го поставите уредот директно до ѕид, па дури и на полица, заради максимална заштеда на слободен простор.




## Екстремно широка примена и сигурност

DR-C225 II може да обработува различни видови на документи. Ако го промените снабдувањето со хартија во директна патека, тогаш ќе можете да скенирате документи со А3-големина (во режим на превиткување), дебели документи, картички со релјеф и документи со должина до 3 метри без напор.

Сигурната функција за ултразвучно откривање на двојно повлекување прецизно открива кога ќе се повлечат повеќе листови истовремено, а тоа може да спречи губење или пропуштање важни информации.

## Брзо и висококвалитетно скенирање

DR-C225 II испорачува импресивни брзини на двострано скенирање директно до паметни уреди.

Опремен е со сензор CMOS CIS (контактен сензор за слика) што создава висококвалитетни слики и овозможува подобра читливост на текстот заради поголема прецизност на функцијата за OCR (оптичко препознавање знаци).

## Едноставно и интуитивно скенирање

DR-C225 II е дизајниран да овозможи лесно скенирање со помош на многубројни интуитивни функции. Целосниот автоматски режим (при користење на софтверот CaptureOnTouch) автоматски ги применува најдобрите поставки за најважните параметри на документите - меѓу кои и ориентација на текст, откривање големина на страница, бои, резолуција и прескокнување празна страница, со цел да ви заштеди време и труд.

## Транспорт на документи преку J-патека за уникатно компактни димензии

Хартијата се става во механизмот за автоматско снабдување со хартија, завртена нанапред, од врвот на скенерот и се снабдува преку систем на транспорт преку J-патека при што хартијата вертикално излегува од предниот дел на скенерот.

Дизајнот на J-патека на Canon ја елиминира потребата за излезни фахови што излегуваат од предниот дел на скенерите. Затоа, уредот зазема помалку од половина од просторот на работната маса додека скенира.

Поради ова, DR-C225 II е идеален за динамични канцелариски оддели, рецепции и пултови за кориснички услуги. Може да го ставите врз дебела полица под прозорецот или да го ставите до ѕид или преграда на работна маса.



# МОЌЕН СОФТВЕР СОЗДАДЕН ЗА ИНТЕГРАЦИЈА И ПЕРФОРМАНСИ

Со софтверот CaptureOnTouch од Canon може лесно да скенирате хартиени документи во различни дигитални формати и да ги зачувувате на различни дестинации, вклучувајќи Cloud-услуги. Тој овозможува скенирање со „еден допир“ и напредни алатки за обработка на слика што го олеснуваат скенирањето и создаваат висококвалитетни резултати. Исто така, може да уредувате поставки на веќе скенирани слики, со што се елиминира потребата од повторно скенирање. А, ќе можете и да скенирате кон максимум 3 крајни дестинации во еден чекор.




## Поодржливо пакување

Производот е пакуван имајќи ја предвид животната средина. Пакувањето е ревидирано и повеќе не содржи пластика. Поради тоа, водичот за поставување повеќе не доаѓа со пластична кеса, а на кутијата нема пластични рачки, што овозможува подобро рециклирање на производите. Исто така, се користи хартија што може да се рециклира за да се заштити валјакот, а производот се испорачува без диск за поставување.



# ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ

imageFORMULA
DR-C225II

| | | |
|---|---|---|
| **Вид** | Скенер за на работна маса со механизам за снабдување со листови | |
| **Сензор за исчитување на документи** | CMOS CIS 1-линиски сензор | |
| **Оптичка резолуција** | 600 dpi | |
| **Светлосен извор** | RGB LED | |
| **Страна на исчитување** | Еднострано / двострано / прескокнување празна страница / превиткување | |
| **Интерфејс** | High Speed USB.2.0 (компатибилност со USB 3.0) | |
| **Димензии** | Затворен фах: 300 (Ш) mm x 156 (Д) mm x 220 (В) mm<br>Отворен фах: 300 (Ш) mm x 235 (Д) mm x 339 (В) mm | |
| **Тежина** | Прибл. 2,7 kg | |
| **Предуслови за напојување** | AC 100 - 240 V (50 / 60 Hz) | |
| **Потрошувачка на енергија** | Скенирање: 12,8 W<br>Режим на мирување: 1,8 W или помалку,<br>Исклучено напојување: 0,5 W или помалку | |
| **Работни услови** | 10 - 32,5˚C (50 - 90.5˚F), влажност: 20 - 80% RH | |
| **Усогласеност за заштита на животната средина** | RoHS | |
| **БРЗИНА НА ЧИТАЊЕ**[1] | **DR-C225 II** | |
| **(A4, портрет, 200 dpi) ЦРНО-БЕЛО** | 25 стр./мин. / 50 слики/мин. | |
| **Сиви тонови** | 25 стр./мин. / 50 слики/мин. | |
| **Во боја** | 25 стр./мин. / 50 слики/мин. | |
| **СПЕЦИФИКАЦИИ НА ДОКУМЕНТИ** | **J-патека** | **Директно** |
| **Ширина** | 50,8 mm - 216 mm | 50,8 mm - 216 mm |
| **Должина** | 70 mm - 356 mm | 53,9 mm - 356 mm |
| **Дебелина** | 0,06 - 0,15 mm<br>(52 - 128 g/m²) | 0,05 - 0,25 mm<br>(40 - 209 g/m²) |
| **Долг документ** | | Најмногу 3000 mm (може да се избере во контролниот панел на MS Windows) |
| **Скенирање на картички** | | 53,9 x 85,5 x 0,76mm (поддршка за скенирање на картички со релјеф) |
| **Режим на превиткување** | | 216 mm x 297 mm (макс.) |
| **Визит картичка** | | Должина: 85 mm - 91 mm |
| **Одвојување листови** | Метод на валјак за задржување (валјак за обратно разделување) | |
| **Капацитет на механизам за снабдување со листови** | 45 листови | |
| **ПЕЧАТЕЊЕ** | | |
| **Резолуција** | 150 dpi x 150 dpi, 200 dpi x 200 dpi, 300 dpi x 300 dpi,<br>400 dpi x 400 dpi, 600 dpi x 600 dpi | |
| **Режим** | Црно-бело, дифузија на грешка, напредно подобрување на текст I, напредно подобрување на текст II (напредното подобрување на текст I не е достапно со драјверот за Mac), 8-битни сиви тонови: (256 нивоа), 24-битни бои, автоматско откривање на бои | |
| **СПЕЦИЈАЛНИ ФУНКЦИИ** | Автоматско откривање на големина на страница, корекција на закосување, 3- димензионална корекција на бои (делумно со драјверот), изоставување бои (RGB), подобрување бои (црвена), автоматско откривање на бои, подобрување текст, MultiStream, однапред поставена крива на гама, панел за скенирање, претходно скенирање, истакнување знаци, бришење сенки, ротација на слика, прескокнување празна страница, избор на скенирана страна на документ, превиткување, поставување зона на скенирање, препознавање ориентација на текст, израмнување заднина, отстранување сенки (вклучено / исклучено), скенирање со брзо враќање во функција, откривање двојно повлекување (ултразвучен сензор / по должина), целосен автоматски режим | |
| **ИСПОРАЧАН СОФТВЕР** | | |
| **За Windows OS** | Драјвер ISIS / TWAIN<br>CaptureOnTouch Pro<br>Cardiris<br>DR Management Tool (само со преземање) | |
| **За Mac OS** | Драјвер TWAIN<br>CaptureOnTouch | |
| **Опции** | Единица за скенирање 102/202 со рамно лежиште | |
| **Потрошни материјали** | Комплет за замена на валјак | |
| **Дополнителна опрема** | Единица за скенирање 102 со рамно лежиште за А4-формати<br>Единица за скенирање 202 со рамно лежиште за А3-формати | |
| **Препорачан дневен работен циклус** | од 1.000 до 2.500 скенирања/ден | |

[1] Брзините на скенирање зависат од спецификациите на компјутерот и поставените функции

Посетете го веб-сајтот на Canon за повеќе информации.



**Единица за скенирање 102 со рамно лежиште за А4-формати**



**Единица за скенирање 202 со рамно лежиште за А3-формати**

## Скенирајте нестандардни документи со изборното рамно лежиште

Додајте ја единицата за скенирање 102 со рамно лежиште и скенирајте поврзани книги, дневници и деликатни медиуми со големина до А4 или единицата за скенирање 202 за скенирање во А3-формат. Скенерите со рамно лежиште се поврзуваат преку USB и работат беспрекорно со скенерите imageFORMULA за да овозможат непречен процес на двојно скенирање во кој ќе можете да ги применувате истите функции за подобрување на слики при секое скенирање.

## Комплет за програмери на софтвер (SDK)

Алатките и комплетите за програмери на софтвер се достапни преку програмата за програмери од Canon. За да се регистрирате во програмата

- Ве молиме посетете ја страницата за регистрација - https://developers.canon-europe.com/
- Доколку настане каков било проблем за време на пријавувањето, ве молиме контактирајте со администраторот на CDP преку cdp-admin@canon-europe.com

## DR Management Tool

Флексибилна алатка за централно управување што нуди поддршка за вашите деловни и кориснички опкружувања. DR Scanner Management Tool нуди ефикасен метод за истовремено следење и дистрибуирање поставки за голем број скенери во една организација. Ова може да се преземе од веб-страницата на Canon.

**Canon Electronics Inc.**
canon-elec.co.jp

**Canon Europe**
canon-europe.com

Macedonian edition
© Canon Europa N.V., 2024